09-3680/2
04-02-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60 – та седница одржана на ден 28.01.2022 година донесе

**Одлука**

Пријавата заведена под број 09-3680/1 од 04.10.2021 година, против лицето ------ -------, директор на Центарот за развој на ------ -------, **СЕ ОТФРЛА.**

Имено, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување од причина што нема доволно и јасни наводи во пријавата и ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предмет со број 09-3680/1 од 04.10.2021 година е оформен врз основа на пријава поднесена преку електронска пошта до електронската контакт адреса на Државната комисија за спречување на корупцијата, против лицето ------ ------- - директор на Центарот за развој на ------ -------, со наводи дека во оваа институција вработил блиско лице (сопруга на својот брат).

Во пријавата, не се наведени податоци за лицето кое наводно се вработило, а кои се неопходни за Државната комисија да може да постапува.

Со цел утврдување на фактичката состојба, Државната комисија се обрати на електронската пошта на подносителот на пријавата со барање за допрецизирање на наводите во пријавата со име и презиме на лицето кое пријавува дека се вработило во Центарот за развој на ------ -------.

На ваквото барање, подносителот не достави известување со кое би се допрецизирале наводите, а врз основа на кои Државната комисија ќе може да постапува согласно своите законски надлежности и да утврди дали во конкретниот случај станува збор за состојба на судир на интереси.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Државната комисија нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот, поради што се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Е.Н., соработник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК